ЕПИ

АСОЦИЈАЦИЈА ЗЕНИТ



# ИЗВЕШТАЈ ОД ПРВАТА ГОДИШНА АНКЕТА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА СУДОВИТЕ

# ИЗВЕШТАЈ

# ОД ПРВАТА ГОДИШНА АНКЕТА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА СУДОВИТЕ

# ИЗВЕШТАЈ ОД ПРВАТА ГОДИШНА АНКЕТА ЗА МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ НА СУДОВИТЕ

Издавач:
Институт за европска политика и Асоцијација ЗЕНИТ

Податоците се собрани и првично обработени од Стеван Томовски
во соработка со Асоцијација ЗЕНИТ

Авторка:
Бети Деловска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн и печатење:
Релатив

Скопје, 2020

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Партнерство Јустиција – враќање на довербата на граѓаните“, финансиран од Европската унија преку Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии во Република Северна Македонија.
Содржината на овој документ е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската унија.

# СОДРЖИНА


I. ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА 6

II. ДОВЕРБА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ 9

III. ЕФИКАСНОСТ 12

IV. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА, НЕПРИСТРАСНОСТ, ЕТИКА И КВАЛИТЕТ НА СУДСТВОТО 16

- 1.НЕДИСКРИМИНАЦИЈА 16
- 2.ФЕР ТРЕТМАН НА ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО 17
- 3.ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ 18
- 4.НЕПРИСТРАСЕН СУДИЈА 20
- 5.МЕШАЊЕ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ 20
- 6.КОРУПЦИЈА 24
- 7.ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ 24

V. КВАЛИТЕТ НА СУДСКА ПОСТАПКА 27

- 1.КВАЛИТЕТ НА ПРАВДА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ 27
- 2.ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ПОСТАПКАТА 27
- 3.РЕСУРСИ НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА 28
- 4.ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ 29
- 5.ПРЕЗЕНТИРАЊЕ ДОКАЗИ 32
- 6.СОСЛУШУВАЊЕ СВЕДОЦИ 33
- 7.УПАТЕНОСТ НА СУДИЈАТА ВО ПРЕДМЕТОТ 34
- 8.ЈАСНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ 34
- 9.СТАНДАРДИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ 35
- 10.КВАЛИТЕТ НА ОБРАЗЛОЖЕНИЕ 36

VI. СТРУЧНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ 38

- 1.СТРУЧНОСТ И КОМПЕТЕНТНОСТ НА СУДИИТЕ 38
- 2.СТРУЧНОСТ НА СУДСКИТЕ СОРАБОТНИЦИ 40
- 3.СТРУЧНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА АДВОКАТИТЕ 40
- 4.СТРУЧНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ 42
- 5.СТРУЧНОСТ НА ОБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ 43
- 6.СТРУЧНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА ВЕШТИТЕ ЛИЦА 43

# I. ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Анкетата ги има следните цели:

- Мерење на задоволството на корисниците и вработените во судовите од услугите и состојбите на правосудството;
- Оценување на првичните ефекти од реформите што се спроведуваат со Стратегијата за реформи во правосудството 2017-2022.

При анкетирањето беа опфатени следните основни судови, избрани врз основа на бројот предмети во 2018 година, постоењето седиште на апелациско подрачје и/или правни студии во градот:[1]

- Основниот кривичен суд во Скопје;
- Основниот граѓански суд во Скопје;
- Основниот суд во Битола;
- Основниот суд во Гостивар; и
- Основниот суд во Штип.

Теренската анкета ги опфати следниве категории испитаници:

- Тужени/обвинети;
- Граѓани кои тужат;
- Јавни обвинители;
- Оштетени лица/жртви;
- Набљудувачи на постапките (на пример, од граѓански организации);
- Адвокати;
- Судии;
- Вработени во судската служба;
- Вештаци.

Во овој извештај се прикажани резултатите од анкетата со граѓани кои се спорат во опфатените судови, а која беше спроведена во декември 2019 година, како и со правните професионалци (судии, судски службеници, адвокати и обвинители), која беше спроведена во февруари 2020 година. Појдовна точка при дизајнирањето на примерокот беше бројот на предмети во 2018 година, при што на секои 600 предмети во опфатените судови беше утврдена потреба да се анкетира еден испитаник. Кај судиите беа опфатени 20% од судиите во таргетираните судови, како и 5% од адвокатите на територијата на судовите.

Вкупно беа анкетирани 415 граѓани кои се спорат, 41 судија, 73 судски службеници и 94 адвокати, односно беше натфрлен планот што според примерокот предвидуваше анкетирање на 356 граѓани кои се спорат, 36 судии, 71 судски службеник и 92 адвокати. Единствено кај обвинителите имаше мало намалување во споредба со планот, т.е. беа анкетирани 29 лица, наместо првично планираните 30.

Со спроведена логичка контрола, како и со цел да се запази етничката репрезентативност на анкетата, од анализата кај граѓаните кои се спорат беа исклучени последните испитаници од националностите кои беа повеќе застапени одошто беше планирано со примерокот. Оттука, резултатите што се прикажани во овој документ ги опфаќаат одговорите на 385 анкетирани граѓани.

1 Постоењето на правни студии во градот беше земено предвид поради намерата на проектот да изгради култура во правосудството насочена кон квалитетот и кон корисниците.

## ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСПИТАНИТЕ ГРАЃАНИ

Речиси две третини од испитаниците се од Скопје (64%), потоа следуваат Гостивар (15%), Битола (12%) и Штип (9%). Оваа распределба соодветствува на бројот на предмети во секој од опфатените основни судови.

ЛОКАЦИЈА НА ИСПИТАНИКОТ




Најголем број од испитаниците (41%) се на возраст помеѓу 46 и 64 години, по околу четвртина од испитаниците се на возраст помеѓу 36 и 45 години и помеѓу 19 и 35 години. Најмал број испитаници (9%) се на возраст од 65 и повеќе години.

ВОЗРАСТ НА ИСПИТАНИКОТ




Најголем дел од испитаниците имаат средно образование (45%), 29% имаат вишо/високо образование, четвртина завршиле основно образование и само 5% од испитаниците имаат титула магистер/доктор.

ОБРАЗОВАНИЕ НА ИСПИТАНИКОТ




Според националноста, 63% од испитаниците се Македонци, 24% се Албанци и 13% се друга националност.

НАЦИОНАЛНОСТ НА ИСПИТАНИТЕ ГРАЃАНИ



Најголем дел од испитаниците се граѓани кои се тужени/обвинети (42%), околу третина се граѓани кои тужат (35%). Можеме да ги издвоиме и набљудувачите во постапката (7%), како и оштетените лица или жртви (6%).

СВОЈСТВО НА ИСПИТАНИКОТ




Како што е прикажано на долниот графикон, убедливо мнозинство од испитаниците дошле во основниот суд судот поради граѓанска постапка (54%), помалку од третина поради кривична постапка и само 12% поради прекршочна постапка.

ВИД НА ПОСТАПКА



# II. ДОВЕРБА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Довербата на граѓаните во правосудството е тесно поврзана со квалитетот на постапувањето и непристрасноста. Граѓаните ќе имаат поголема доверба во правосудните институции, судиите, јавните обвинители и другите учесници во судските постапки, доколку судењата се фер и непристрасни, се почитуваат правата на граѓаните, зададените рокови и сл.

Анализата за довербата на граѓаните во судството и правосудните институции покажува дека тие во основата немаат голема доверба во судовите и јавното обвинителство, за разлика од довербата во адвокатите и судските вештаци, во кои довербата е поголема.

Во однос на судовите, анкетата покажува дека кај 54% од испитаниците довербата во судовите е намалена (30% немаат доверба, а 24% претежно немаат доверба), додека 43% од нив се изјасниле дека имаат релативна доверба во судовите (35% претежно имаат доверба, а 8% имаат доверба) и околу 4% не знаат, односно немаат одговор.

Довербата на граѓаните во јавното обвинителство е слична како и довербата кај судовите. Од испитаниците, 52% се изјасниле дека имаат нарушена доверба во јавното обвинителство (30% немаат доверба, а 22% претежно немаат доверба), 31% од нив релативно имаат доверба (23% претежно имаат, а 8% имаат доверба) и 17% не знаат или немаат одговор.

За разлика од институциите, во анкетата граѓаните искажале поголема доверба кон адвокатите и судските вештаци. Доверба кон адвокатите искажале 61% од испитаниците (36% претежно имаат и 25% имаат доверба), а кај 36% од нив довербата кон адвокатите е намалена (22% немаат доверба, а 14% претежно немаат доверба).

ГРАФИКОН 1: ДОВЕРБА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ




На прашањето „Колку однесувањето на судијата влеваше доверба за време на судскиот процес“, најголем дел од граѓаните 47% (31% воопшто немаат, а 16% немаат доверба) се изјасниле дека однесувањето на судијата не им влевало доверба, а 39% имаат доверба во судијата.

## ГРАФИКОН 2: ДОВЕРБА ВО СУДИЈАТА




Факторите што влијаат врз намалување на довербата кај секоја од институциите се многубројни, но како најголеми испитаниците ги наведуваат сомневањата за корупција и политичко влијание.

Процентуално изразено, перцепцијата за корупција како фактор за недоверба наведена во одговорите на испитаните граѓани изнесува 41% за судовите,[2] 33% за јавното обвинителство, 24% за адвокатите и 14% за судските вештаци. Следен по важност фактор за намалување на довербата оценета од граѓаните се политичките влијанија: 34% за судовите, 31% за јавното обвинителство, 11% за адвокатите и 10% за судските вештаци. Времетраењето на судските постапки исто така значително влијае врз перцепцијата на граѓаните за доверба во судските институции: 27% кај судовите, 13% кај јавното обвинителство, 12% кај адвокатите и 8% кај судските вештаци. Селективното покренување обвиненија од страна на јавното обвинителство 22% од испитаниците го оценуваат како фактор што влијае врз довербата. Судските одлуки и известувањето на медиумите се застапени во помал број на одговорите на испитаниците.

## ГРАФИКОН 3: ФАКТОРИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ




Одговорите на граѓаните укажуваат дека најголеми причини за недоверба кај сите четири категории испитаници се сомнежот за корупција и политичкото влијание, и тоа во поголем процент кај судиите и јавните обвинители, а во значително помал обем кај адвокатите и судските вештаци. Покрај овие причини, недовербата во јавното обвинителство во голема мера се должи и на селективно покренување на обвиненијата. Испитаниците сметаат дека медиумите имаат мала улога во формирање на довербата во судскиот систем.

2 Беа дозволени повеќе одговори по испитаник.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Од одговорите може да се заклучи следното:

- Постои значителен број граѓани кои немаат доверба во судовите и јавните обвинителства;
- Однесувањето на судиите во текот на судењето не влева доверба кај голем дел од граѓаните;
- Довербата на граѓаните во адвокатите и вештаците е поголема од довербата во судиите и јавните обвинители, но сè уште е висок степенот на недоверба кон нив.

# III. ЕФИКАСНОСТ

31% од испитаните граѓани се задоволни од времетраењето, а дури 43% се незадоволни.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА




Помалку од третина од адвокатите и јавните обвинители се релативно задоволни од времетраењето на постапките во кои се вклучени. Најголем дел (42%) го оцениле со 3 нивното задоволство од времетраењето на судските постапки на скала од 1 до 5.




Како главна причина за незадоволство од времетраењето на постапката меѓу оние граѓани кои изразиле незадоволство се долгите временски периоди меѓу закажаните рочишта (43%). 26% се незадоволни поради честото одложување на рочиштата, а 20% причината ја наоѓаат во непотребно големиот број рочишта.

ПРИЧИНИ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ



22% од испитаните граѓани имале едно до две рочишта што биле одложени, 16% имале од три до пет одложени рочишта, а 9% имале повеќе од пет одложени рочишта. Три проценти не знаат колку и дали им биле одложени рочишта, а 42% немале ниту едно одложено рочиште.

## БРОЈ НА РОЧИШТА ЗА ПРЕДМЕТОТ КОИ БИЛЕ ОДЛОЖЕНИ




Дури 66% од испитаните адвокати и јавни обвинители имале три до пет одложени, односно неодржани рочишта за последниот граѓански/прекршочен предмет за кој се појавиле во основниот суд. 15% од испитаниците имале повеќе од пет одложувања или неодржувања на судски рочишта. Само 3% од прашаните адвокати и обвинители немале ниту едно одложување.

## ОДЛОЖЕНИ РОЧИШТА




Како што е прикажано во долниот графикон, најчесто рочиштата не се одржуваат, односно се одложуваат поради причини предизвикани од судот (69% од одговорите),[3] причини предизвикани од адвокати (59%), причини предизвикани од сведоци (60%). Поретки се случаите кога не се одржани рочишта поради неспроведување на притворени лица или поради судските вештаци (по 15%).

## ПРИЧИНИ ЗА НЕОДРЖУВАЊЕ НА РОЧИШТАТА (СПОРЕД ГРАЃАНИ




3 Беа дозволени повеќе одговори.

Адвокатите и обвинителите беа прашани и за најчестите причини за одложување на судските постапки. Трите врвни причини што често или повремено доведуваат до одложување се грешки на персоналот на судот (81%), промени на судијата (78%), враќање на предметите на повторно одлучување во основниот суд (71%).

## ПРИЧИНИ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ (СПОРЕД АДВОКАТИ И ОБВИНИТЕЛИ)




30% од испитаните граѓани досега потрошиле помеѓу 101 и 500 евра за нивниот предмет, 27% потрошиле 501 до 1000 евра, 19% досега потрошиле до 100 евра, 12% од испитаниците потрошиле 1001 до 5000 евра и 3% од испитаниците потрошиле над 5000 евра. Може да се споменат и 9% од испитаниците кои не ја знаат точната сума за вкупни трошоци или немале одговор.

## ВКУПНИ ТРОШОЦИ ЗА ПОСТАПКАТА ДО МОМЕНТОТ НА АНКЕТИРАЊЕ



70% од испитаните граѓани сметаат дека трошоците за постапката се високи, 22% од испитаниците сметаат дека се прифатливи, а само 2% сметаат дека се ниски.

## ВИСИНА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОСТАПКАТА




Само 14% од испитаните адвокати и обвинители сметаат дека јавното обвинителство има солиден капацитет за ефикасно буџетирање, а 55% го оценуваат како лош или многу лош. Во однос на судовите, повеќе од третина од испитаниците сметаат дека тие имаат капацитет на ефикасно буџетирање, а 28% го оцениле како лош или многу лош.

## ОЦЕНЕТЕ ГО КАПАЦИТЕТОТ НА ЕФИКАСНО БУЏЕТИРАЊЕ




Вештаците добија најголеми пофали и оценки и кога адвокатите и јавните обвинители ги оценуваа судските актери во однос на ефикасност. Дури 37% од испитаните адвокати и обвинители оценија дека ефикасноста на вештаците е многу добра. Следни на листата се адвокатите со 32% од испитаниците кои ги оценија како многу ефикасни.

## ОЦЕНЕТЕ ЈА ЕФИКАСНОСТА



# IV. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА, НЕПРИСТРАСНОСТ, ЕТИКА И КВАЛИТЕТ НА СУДСТВОТО

Одредување на квалитетот на судството подразбира воведување систем на мерење на судовите и оценување на областите на подобрување во секоја последователна година, споредена со претходната, или други одредени временски интервали. За секоја област на мерење се одредуваат индикатори, односно показатели и специфични инструменти за оценување на квалитетот.

## 1. НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Еден од показателите на квалитетно и непристрасно судство е односот кон странките во судските постапки. На прашањето „До кој степен се согласувате дека судиите и судскиот персонал се однесуваат еднакво со луѓето независно од нивните примања, национално или социјално потекло, пол или религија", граѓаните, адвокатите, обвинителите и судиите одговориле различно, согласно перцепцијата на секоја од групите испитаници.

Во следниот графикон даден е приказ за мислењето на секоја од групите за односот на судиите кон странките. Очигледна е разликата на перцепцијата на секоја од групите, прикажана на скалата од 1 до 4, каде што 1 е „целосно не се согласувам", 2 – „не се согласувам", 3 – „се согласувам", до 4 „целосно се согласувам" со изјавата. Оценките се групирани во пристрасни, каде што се вклучени одговорите под 1 и 2, и непристрасни, каде што се вклучени оценките под 3 и 4.

58% од испитаните граѓани целосно или делумно се согласуваат дека судиите се однесувале еднакво со луѓето независно од нивните примања, потекло, пол и религија, а 41% не се согласуваат со ова.

60% од испитаните граѓани се согласуваат дека судскиот персонал се однесувал еднакво со луѓето независно од нивните примања, потекло, пол и религија, а 40% не се согласуваат.

ГРАФИКОН 4: ЕДНАКВО ОДНЕСУВАЊЕ СО ЛУЃЕТО НЕЗАВИСНО ОД НИВНИТЕ ПРИМАЊА, ПОТЕКЛО, ПОЛ И РЕЛИГИЈА



Најголем број од судиите сметаат дека тие (86%) и судскиот персонал (66%) се однесуваат недискриминирачки кон странките. Мислењето на адвокатите и обвинителите е слично, односно 76% од нив сметаат дека судиите и 70% сметаат дека стручните соработници се однесуваат недискриминирачки кон странките. За разлика од нив, мислењето на граѓаните е поинакво и само 58% од нив се изјасниле дека судиите и 60% стручните соработници се однесуваат недискриминирачки кон странките, додека висок процент од нив (41% за судиите и 40% за стручните соработници) сметаат дека судиите и стручните соработници имаат еднаков третман кон странките. Интересен е податокот дека судиите за себе сметаат дека во поголем степен се однесуваат недискриминирачки кон странките, отколку стручните соработници.

Перцепцијата на граѓаните за однесувањето на судиите и стручните соработници кон странките, независно од нивните примања, потекло, пол и религија е слично е такво, да 58% од испитаните граѓани целосно или делумно се согласуваат дека судиите се однесувале еднакво со луѓето независно од нивните примања, потекло, пол и религија, а 41% не се согласуваат со ова, додека 60% од испитаните граѓани се согласуваат дека стручните соработници се однесувале еднакво со луѓето независно од нивните примања, потекло, пол и религија, а 40% не се согласуваат.

## 2. ФЕР ТРЕТМАН НА ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО

Уште еден показател за недискриминаторски однос во судството е и односот на судиите, обвинителите и другите вклучени во судската постапка кон жените во постапките за жртвите на сексуално и друго родово насилство. Во тој поглед, половина од анкетираните граѓани се изјасниле дека жените во овие постапки биле третирани фер.

Анкетираните граѓани на прашањето колку жените жртви на сексуално и друго родово насилство биле фер третирани за време на постапките, половина од нив сметаат дека жените биле фер третирани, но високи 40% од нив не се согласуваат со тоа, а 10% воопшто не се согласуваат со фер третманот на жените жртви.

Адвокатите и обвинителите кои работеле на вакви предмети беа дополнително прашани дали се согласуваат дека жените кои се жртви на сексуално и друго родово насилство се третирани фер во постапката. Најголем дел од нив, 62%, целосно се согласуваат дека жените биле третирани фер во постапката.

ГРАФИКОН 5: ФЕР ТРЕТМАН НА ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО И ДРУГО РОДОВО НАСИЛСТВО




Од графиконот може да се согледа дека, иако во најголем дел и едната и другата целна група целосно се согласуваат со изјавата дека жените жртви на сексуално и друго родово насилство се фер третирани, мислењето на адвокатите и обвинителите се разликува од тоа на граѓаните, кои во висок процент (50%) не се согласуваат со изјавата и сметаат дека жените не се третирани фер за време на постапките.

## 3. ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ

Почитувањето на презумпцијата на невиност од страна на судот е многу важна за испитаниците, бидејќи нарушувањето на ова право ги повредува основните човекови права. Во анкетата ова прашање е поставено на две групи: граѓани и адвокати и обвинители.

Граѓаните сметаат дека почитувањето на презумпцијата на невиност е од исклучителна важност, но не се задоволни од судот, обвинителството, а најнезадоволни се од медиумите, кои најчесто го повредуваат ова право.

Во следниот графикон прикажана е важноста од почитување на презумпцијата на невиност. Имено, 92% од испитаните граѓани сметаат презумпцијата на невиност треба да биде почитувана од страна на судот, 86% од страна на јавното обвинителство, а 81% од страна на медиумите.

ГРАФИКОН 6: ВАЖНОСТ НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ




За разлика од важноста што испитаните граѓани ја даваат на почитувањето на презумпцијата на невиност, тие се многу понезадоволни од почитувањето на заштитата на невиноста од страна на судот, јавното обвинителство и медиумите.

Од испитаните граѓани, 40% се изјасниле дека се задоволни од почитувањето на презумпцијата на невиност од страна на судот, а 36% се изјасниле дека не се задоволни, 30% од нив се задоволни како јавното обвинителство ја почитува презумпцијата на невиност, а 39% се незадоволни, додека само 19% од испитаните граѓани се задоволни од почитувањето на презумпцијата на невиност од страна на медиумите, а 50% се незадоволни, додека 10% не се ниту задоволни ниту незадоволни.

ГРАФИКОН 7: ЗАДОВОЛСТВО ОД ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРЕЗУМПЦИЈАТА НА НЕВИНОСТ




Во следниот графикон даден е споредбен приказ на важноста и задоволството од почитување на презумпцијата на невиност на граѓаните од страна на судот, јавното обвинителство и медиумите. Евидентна е разликата помеѓу важноста на презумпцијата и незадоволството од нејзината примена во практика.

## ГРАФИКОН 8: СПОРЕДБА НА ВАЖНОСТА И ЗАДОВОЛСТВОТО ОД ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРЕЗУМПЦИЈАТА НА НЕВИНОСТ




Адвокатите и јавните обвинители сметаат дека презумпцијата на невиност се почитува од страна на судиите, Судскиот совет, обвинителството и јавните обвинители, и тоа најмногу од страна на судиите (95%) и обвинителите (90%), додека медиумите најмалку (77%) го почитуваат правото на презумпција на невиноста.

## ГРАФИКОН 9: ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРЕЗУМПЦИЈАТА НА НЕВИНОСТ ОД СТРАНА НА ИНСТИТУЦИИТЕ



## 4. НЕПРИСТРАСЕН СУДИЈА

Непристрасноста на судијата во текот на водењето на постапката е важен показател за квалитетот и независноста на судството. Повеќе од половина (54%) од граѓаните кои одговориле на ова прашање се согласуваат дека судијата бил непристрасен, додека 40% не се согласуваат со ова и сметаат дека судијата бил пристрасен при водење на предметот.

За разлика од граѓаните, мнозинството испитаници адвокати и јавни обвинители (78%) сметаат дека судиите се непристрасни при работата, а 17% од нив сметаат дека тие се пристрасни. Три четвртини од адвокатите и обвинителите сметаат дека јавните обвинители се непристрасни во текот на судските постапки, а дури 21% од нив сметаат дека тие се пристрасни.

ГРАФИКОН 10: ДО КОЈ СТЕПЕН СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА СУДИИТЕ СЕ НЕПРИСТРАСНИ ПРИ РАБОТАТА




Што се однесува до непристрасноста на судиите, 90% од нив одговориле дека тие за себе сметаат дека се непристрасни, а само 10% дека се пристрасни. Две третини од судиите (66%) се согласуваат дека јавните обвинители се непристрасни, додека помалку од третина не се согласуваат со таквата изјава.

## 5. МЕШАЊЕ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ

Независноста на судството се мери и преку степенот на мешање на други лица при донесувањето на судските одлуки. Анкетата покажа дека перцепцијата на анкетираните лица е дека мешањето при донесувањето на судските одлуки не е големо.

Имено, анкетираните адвокати и јавни обвинители сметаат дека при донесување на судските одлуки најмногу се меша извршната (67%) и законодавната власт (58%), а најмалку странските држави (82%) и меѓународните организации (84%). Адвокатите и обвинителите се изјасниле дека 37% од судиите и 40% од јавните обвинителите понекогаш или често се мешаат при донесувањето на одлуките.

За сите наведени категории на потенцијални чинители кои се мешаат при донесување на судските одлуки, адвокатите и обвинителите со високи 7% до 11% дале одговор „не знам" или не одговориле.

Мислењето на адвокатите и јавните обвинители за тоа кој во колкав степен се меша во донесувањето на судските одлуки е прикажано во графиконот подолу.

## ГРАФИКОН 11: МЕШАЊЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА СУДСКИ ОДЛУКИ – МИСЛЕЊЕ НА АДВОКАТИ И ОБВИНИТЕЛИ




Анкетираните судии навеле дека најчесто не се соочуваат со мешање при донесувањето на одлуките и нив ги донесуваат самостојно. Сепак, понекогаш тие имаат мешање, најмногу од страна на извршната власт (27%), законодавната власт (18%) и од страна на други држави и меѓународни организации (20%). Бизнис-секторот (24%) понекогаш или често влијае врз судските одлуки, додека влијанието на граѓанските организации е оценето со 17% од испитаниците. Во донесувањето на одлуките, судиите сметаат дека најмалку им се мешаат претседателот на судот 7%, други судии 10% и јавните обвинители 8%. Интересен е податокот дека 86% од судиите навеле дека во донесување на судските одлуки најмногу се мешаат други чинители.

## ГРАФИКОН 12: МЕШАЊЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА СУДСКИ ОДЛУКИ – МИСЛЕЊЕ НА СУДИИ



## АНЕКС

Во следниот приказ дадени се споредбени мислења на адвокатите и обвинителите и тие на судиите за степенот на мешање при донесувањето на судските одлуки.

За мешањето на претседателот на судот и на другите судии при донесувањето на судските одлуки мислењето на адвокатите и обвинителите се разликува од мислењето на судиите. Судиите во висок процент (93% за претседателот на судот и 90% за други судии) сметаат дека никогаш или ретко се мешаат во донесувањето на судските одлуки, додека адвокатите и обвинителите сметаат дека претседателот на судот (56%) и другите судии (54%) не се мешаат во донесувањето на судските одлуки. Слична е ситуацијата со судиите, кои според одговорите на адвокатите и обвинителите, во 37% сметаат дека тие често или понекогаш се мешаат.

### МЕШАЊЕ НА СУДСКАТА ВЛАСТ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ




Според мислењето на двете групи испитаници, во донесувањето на одлуките сепак најмногу се мешаат извршната и законодавната власт.

### МЕШАЊЕ НА ИЗВРШНАТА И ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ




Мешањето на обвинителите во донесувањето на судските одлуки според адвокатите и обвинителите се разликува од тоа на судиите, односно судиите сметаат дека обвинителите многу малку се мешаат, додека адвокатите и обвинителите мислат дека тие почесто се мешаат. Мислењето за тоа кој најмногу се меша во донесувањето на судските одлуки е најразлично кај категоријата „други чинители“.

## МЕШАЊЕ НА ОБВИНИТЕЛИ И ДРУГИ ЧИНИТЕЛИ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ




Мислењето и на судиите и на адвокатите и јавните обвинители е слично при оценување на вклученоста на бизнис-секторот и граѓанските организации во донесувањето на судските одлуки.

## МЕШАЊЕ НА БИЗНИСОТ И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ




При донесувањето одлуки најмалку се мешаат граѓанските организации, претставници на други држави и меѓународни организации, при што мислењето на 20% од судиите е дека тие се мешаат во судските одлуки, додека адвокатите и обвинителите сметаат дека тие во помал обем се мешаат (9%).

## МЕШАЊЕ НА СТРАНСКИ ДРЖАВИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ НА СУДСКИ ОДЛУКИ



## 6. КОРУПЦИЈА

За мислење колку корупцијата е присутна во текот на судската постапка граѓаните беа замолени преку прашањата „За време на постапката, дали некој (адвокат, вработен во судот или обвинителството) сугерираше дека вашиот предмет ќе биде успешно решен доколку се понуди дополнително плаќање/награда, подарок, се најдат врски...?“ и „Кој?“.

Најголемиот дел од испитаните граѓани (80%) се изјасния дека немало сугерирање за дополнително плаќање за решавање на предметот, додека 18% од испитаниците кажале дека постоело сугерирање за подарок/дополнително плаќање.

ГРАФИКОН 13: СУГЕРИРАЊЕ ЗА ПОДАРОК/ДОПОЛНИТЕЛНО ПЛАЌАЊЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СУДСКИОТ ПРЕДМЕТ




Кај оние испитаници на кои им било сугерирано дополнително плаќање, сугерирањето било од страна на судија (39%), пријател (25%), вработен во јавното обвинителство (11%), адвокат (3%). Треба да се споменат и 5% од испитаниците кои не сакаа да одговорат на ова прашање.

ГРАФИКОН 14: КОЈ ГО СУГЕРИРАШЕ ТОА




## 7. ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ

Адвокатите, обвинителите и судиите беа замолени да ги оценат етичките квалитети на вештаците, адвокатите, јавните обвинители и судиите. Во следните графикони даден е приказ за мислењето на секоја од групите за етичките квалитети на секоја категорија. Очигледна е разликата на перцепцијата на секоја од групите, прикажана на скалата од 1 до 5, каде што 1 е „многу лоши“, а 5 – „многу добри“ со изјавата.

Адвокатите и обвинителите највисоко мислење имаат за вештаците (68% од испитаниците ги оцениле како добри и многу добри) за кои сметаат дека се квалитетни и со висок морален и професионален интегритет, потоа следуваат обвинителите (63%) и судиите (59%), а најниско ги оцениле адвокатите (58%). Со оценка многу лошо и лошо, адвокатите и обвинители еднакво ги оцениле сите категории, и тоа со 10% адвокатите, 11% јавните обвинители, 10% судиите и со 8% вештаците.

### ГРАФИКОН 15: ОЦЕНКА НА ЕТИЧКИОТ КВАЛИТЕТ, МОРАЛНИОТ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ ОД СТРАНА НА АДВОКАТИТЕ И ОБВИНИТЕЛИТЕ




За разлика од нив, судиите најдобро се оцениле себеси, односно 72% од нив сметаат дека се многу добри и добри, додека за другите категории испитаници судиите имаат поинакво мислење. Така, 42% од судиите сметаат дека адвокатите се добри и многу добри, а 39% од нив одговориле дека вештаците се добри и многу добри. Мислењето на судиите за адвокатите и вештаците е слично.

### ГРАФИКОН 16: ОЦЕНКА НА ЕТИЧКИОТ КВАЛИТЕТ, МОРАЛНИОТ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ ОД СТРАНА НА СУДИИТЕ




Судиите имаат најниско мислење за етичките квалитети и интегритетот на јавните обвинители. Само 18% од судиите ги оцениле како добри и многу добри овие квалитети на јавните обвинители, а дури 38% од нив сметаат дека јавните обвинители се лоши и многу лоши.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Од добиените одговори од анкетата за недискриминација, непристрасност, етика и квалитет на судиите, обвинителите и другите лица вклучени во судските постапки, може да се заклучи следното:

- Перцепцијата за односот на судиите и стручните соработници кон странките е задоволителна и повеќе од две третини од нив сметаат дека судиите и стручните соработници се однесуваат непристрасно кон странките без оглед на нивните примања, национално или социјално потекло. Притоа, судиите за себе имаат високо мислење дека се непристрасни. Поинаква е перцепцијата на граѓаните, кои во поголем број сметаат дека судиите и стручните советници се пристрасни кон странките.
- Односот кон жените жртви во постапките за сексуално и друго родово насилство не е на задоволително ниво.
- Презумпцијата на невиност во голема мера се почитува од страна на судот, помалку од страна на јавното обвинителство, а најмалку од страна на медиумите, кои најчесто го прекршуваат ова право. За граѓаните, почитувањето на презумпцијата на невиност е од исклучителна важност.
- Околу пристрасноста на судиите и јавните обвинители мислењата се поделени и околу 50% од анкетираните граѓани сметаат дека тие се пристрасни, а две третини од судиите и обвинителите сметаат дека се непристрасни.
- Во однос на тоа кој колку се меша во донесување на судските одлуки, мислењата на адвокатите, обвинителите и тие на судиите се различни. Додека адвокатите и јавните обвинители сметаат дека во донесувањето на судските одлуки најмногу се меша извршната и законодавната власт, судиите навеле дека најмногу се мешаат други, а не е мало ни влијанието на граѓанското општество, претставници на други држави и меѓународни организации.
- Корупција, односно барање за дополнително плаќање, најголем дел од граѓаните сметаат дека нема, а во ретките случаи каде што се случило тоа, плаќањето наводно било сугерирано од судии, пријатели или вработени во обвинителствата.
- Најголем дел од судиите, адвокатите и обвинителите едни за други и за себе сметаат дека се високоетични и со интегритет.

# V. КВАЛИТЕТ НА СУДСКА ПОСТАПКА

## 1. КВАЛИТЕТ НА ПРАВДА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ

Општата перцепција за тоа како се движел квалитетот на судската правда е еден од показателите за квалитетот на правосудството. Во анкетата, перцепцијата за квалитетот на судската практика во последните три години на граѓаните и на судиите значително се разликува.

Впечатокот кај 43% од испитаните граѓани е дека квалитетот на правдата во последните три години е непроменет, 40% од испитаниците сметаат дека тој се влошил и 13% од испитаниците сметаат дека се подобрил.

За разлика од граѓаните, впечатокот за правдата кај судиите е различен и 73% од нив сметаат дека квалитетот на судската правда во последните три години е непроменет, 22% дека е подобрен, а само 2% сметаат дека квалитетот на правдата е полош.

ГРАФИКОН 17: КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКА ПРАВДА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ




## 2. ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ПОСТАПКАТА

На прашањето „Во колкава мера се согласувате дека судиите и обвинителите генерално ги почитуваат правата на обвинетите или оштетените во предметите“ одговараат само граѓаните кои дошле на суд за кривична постапка.

Околу половина од испитаните граѓани (45%) не се согласуваат или воопшто не се согласуваат дека судиите и обвинителите ги почитувале правата на обвинетите или оштетените. Повеќе од половина од испитаниците (51%) целосно или делумно се согласуваат дека правата на обвинетите биле почитувани.

ГРАФИКОН 18: ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОБВИНЕТИТЕ ВО ПРЕДМЕТОТ



Испитаниците адвокати и обвинителите на прашањето „Во колкава мера се согласувате дека правата на обвинетите/тужените и оштетените во постапките генерално се почитуваат од страна на судиите и обвинителите“, одговориле сите адвокати и обвинители, без разлика на видот на предметот (граѓански, кривичен, управен).

Во поглед на почитувањето на правата во текот на судската постапка, околу 90% од адвокатите и обвинителите целосно или делумно се согласуваат дека обвинителите и судиите ги почитуваат правата на обвинетите и оштетените во постапките, наспроти околу 10% кои не се согласуваат.

ГРАФИКОН 19: ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОБВИНЕТИТЕ И ОШТЕТЕНИТЕ ВО ПОСТАПКИТЕ




## 3. РЕСУРСИ НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

За да можат судовите и јавните обвинителства да работат согласно правилата и методите утврдени во процесните закони потребно е да бидат обезбедени со оптимални ресурси (човечки, технички и материјални). Од досегашните извештаи и анализи, речиси во сите судови, а одобрено во јавните обвинителства во земјава, има недостаток од стручен кадар, проблеми со простор, опрема за снимање, ИКТ-опрема и други материјали и опрема, а исто така недостигаат и материјални средства. Судскиот буџет е зависен од централниот буџет, а обвинителството нема сопствен буџет.

Во поглед на ресурсите со кои располагаат судовите и обвинителствата, за да можат да се почитуваат правилата утврдени во процесните закони, своето мислење го дадоа вработените во судовите и обвинителствата, како и адвокатите и вештите лица. Согласно анкетата, мислењата на адвокатите и обвинителите и судиите се уедначени, односно мислењето на адвокатите и обвинителите за опременоста на судовите и јавните обвинителства е речиси исто со мислењето на анкетираните судии.

ГРАФИКОН 20: СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА ИМААТ ДОВОЛНО РЕСУРСИ ДА ГИ ПОЧИТУВААТ ПРАВИЛАТА И МЕТОДИТЕ УТВРДЕНИ СО ПРОЦЕСНИТЕ ЗАКОНИ




Состојбата со ресурсите во судовите и двете групи испитаници ја оцениле идентично, односно 69% од адвокатите, обвинителите и судиите се изјасниле (целосно или делумно се согласувам) дека судовите располагаат со ресурси.

Слични се мислењата на двете групи испитаници за состојбата со ресурсите во јавните обвинителства. Имено, 60% од адвокатите и обвинителите и 56% од судиите целосно или делумно се согласуваат дека обвинителствата имаат доволно ресурси за да ги почитуваат правилата во процесните закони, наспроти 60%, односно 44% кои не се согласуваат.

Дека судовите ги имаат материјалните ресурси што им се потребни за да имаат пристап до законите, да снимаат постапки, да закажуваат случаи и да зачувуваат и да водат записи во голема мера се согласуваат и судските службеници. Имено, 75% од испитаните судски службеници сметаат дека судовите располагаат со доволно ресурси, 17% од нив не се согласуваат со тоа, а 3% не одговориле на прашањето.

ГРАФИКОН 21: СУДОВИТЕ ИМААТ МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ ПОТРЕБНИ ЗА ПРИСТАП ДО ЗАКОНИТЕ, СНИМААТ ПОСТАПКИ, ЗАКАЖУВААТ СЛУЧАИ И ВОДАТ ЗАПИСИ




## 4. ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ

Достапноста на информациите е исто така важен показател за квалитетот на работата на судовите и покажува колку добро се организирани судовите. Испитаните граѓани беа замолени да ја оценат важноста на повеќе аспекти на работата на судовите и да го оценат своето задоволство од резултатите во тие аспекти од работата на судовите.

Во однос на информациите што судовите треба да им ги даваат на странките, испитаниците сметаат дека сите четири вида информации се со висока важност за нив: 89% од испитаниците го сметаат за многу важно објавувањето датум, време и број на сала за судењето, како и информации за одложување на рочиштата, додека 91% од испитаниците ја сметаат за многу важна информацијата во која фаза е постапката на нивниот предмет, како и достапноста на документација на судот за предметот.

ГРАФИКОН 22: ВАЖНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ВО ОСНОВНИОТ СУД ЗА ПРЕДМЕТОТ



Околу 46% од испитаните граѓани се задоволни од дадената информација од страна на судот за датум, време и број на сала за судење по предметот, а околу 28% се незадоволни и 18% не се ниту задоволни ниту незадоволни. 41% се делумно или целосно задоволни од информацијата во која фаза е постапката по нивниот предмет, околу 35% се незадоволни и 21% не се ниту задоволни ниту незадоволни. Во однос на информација за одложување на рочиште, 38% од испитаниците се задоволни од добиената информација, 37% се незадоволни од неа и 15% не се ниту задоволни ниту незадоволни. 44% од испитаниците се задоволни од достапноста на документацијата на судот за нивниот предмет, додека 33% се незадоволни од достапноста, а 20% не се ниту задоволни ниту незадоволни.

ГРАФИКОН 23: ЗАДОВОЛСТВО ВО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ОСНОВНИОТ СУД ЗА ПРЕДМЕТОТ




Доколку се анализира задоволството и важноста на информациите по видови постапки, се забележува високо оценета важност на информациите за сите видови постапки (граѓанска, кривична, прекршочна) и пониско оценето задоволство од достапноста на информациите во судот.

Граѓаните ја оцениле важноста од објавите на интернет-страницата на судот за датумот, времето на одржување на рочиштето и бројот на салата за судење со високи 94 до 96% кај сите постапки. Задоволството на граѓаните од објавените датум, време и број на сала за судењето објавени на интернет-страницата на судот е 50% кај граѓанската и прекршочната постапка, а 36% кај кривичната постапка.

Како што е прикажано на графиконот долу, за 94 до 96% од испитаните граѓани многу е важен временскиот период помеѓу поканата и рочиштето, односно времето што го имаат за соодветна подготовка. Важноста е високо оценета без разлика на видот на постапката што се води.

Задоволството од временскиот период помеѓу поканата и рочиштето е многу пониско оценето и се движи помеѓу 36% кај кривичната постапка, до 50% задоволни кај граѓанската и прекршочната постапка. Од испитаниците, 54% не се задоволни од времето што им е дадено од судот кај кривичната постапка и 43% кај граѓанската и прекршочната постапка.

## ГРАФИКОН 24: ИНФОРМАЦИИ ЗА ДАТУМ, ВРЕМЕ И БРОЈ НА САЛА ЗА ПРЕДМЕТОТ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА НА СУДОТ




Во поглед на информациите за тоа во која фаза е предметот објавени на интернет-страницата на судот, речиси 100% од граѓаните сметаат дека овие информации треба да бидат објавени, но од објавувањето се помалку задоволни, и тоа кај кривичната постапка само 36% од граѓаните се задоволни од објавените информации, а 43% кај граѓанската и прекршочната постапка.

## ГРАФИКОН 25: ИНФОРМАЦИИ ВО КОЈА ФАЗА Е ПОСТАПКАТА ПО ВАШИОТ ПРЕДМЕТ




Слични одговори граѓаните дале и за објавените информации за одложување на рочиштата. Само 35% од испитаниците се изјасниле дека информациите за одложување на рочиштата за кривичните постапки се важни и многу важни за нив, 39% за граѓанските и 41% за прекршочните постапки.

## ГРАФИКОН 26: ИНФОРМАЦИИ ЗА ОДЛОЖУВАЊА НА РОЧИШТАТА



ГРАФИКОН 27: ДОСТАПНОСТ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА НА СУДОТ ЗА ВАШИОТ ПРЕДМЕТ




## 5. ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ДОКАЗИ

Можноста за презентирање на доказите е многу важна за сите странки во случајот и може многу да влијае врз релевантното донесување на судската одлука. Токму и поради тоа, сите испитаници се изјасниле дека можноста за презентирање на докази е многу важна (96% граѓани, 91% адвокати и јавни обвинители) за сите видови постапки.

Така, 96% од испитаните граѓани сметаат дека е многу важно да ги презентираат своите докази за случајот, додека само околу 0,6% го сметаат тоа за малку важно.

ГРАФИКОН 28: КОЛКУ Е ВАЖНА МОЖНОСТА ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ДОКАЗИ




За разлика од мислењето на двете групи испитаници за важноста од презентирањето докази во текот на судската постапка, граѓаните се помалку задоволни од дадената можност да ги презентираат доказите од адвокатите и обвинителите.

Околу 54% од испитаните граѓани се задоволни од дадената можност пред судот да ги претставaт своите докази, 20% се незадоволни, а 23% не се ниту задоволни, ниту незадоволни.

Слично е мислењето и на адвокатите и обвинителите. Имено, 74% од нив се изјасниле дека се задоволни, 23% се неутрални и 3% не се задоволни од можноста што судот им ја дава да ги презентираат или да ги оспоруваат доказите.

ГРАФИКОН 29: КОЛКУ СТЕ ЗАДОВОЛНИ ОД МОЖНОСТА ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ



Анализирано по вид на постапка, можноста за презентирање докази од страна на испитаните граѓани е од многу голема важност и за секоја од постапките 98% од испитаниците се изјасниле дека е многу важно да имаат можност да ги презентираат доказите, но задоволството од добиената можност е оценето значително пониско.

Граѓаните се најнезадоволни од можноста за презентирање на доказите во кривичната постапка, за што се изјасниле 55% од нив, а најзадоволни од можноста за презентирање докази во прекршочната постапка, за што се изјасниле 63% од испитаниците.

ГРАФИКОН 30: МОЖНОСТ ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ ПО ВИДОВИ ПОСТАПКА




## 6. СОСЛУШУВАЊЕ НА СВЕДОЦИ

Сослушувањето на сведоците е уште една алка од судската постапка што е показател за квалитетно судство и од страна на испитаните граѓани, адвокати и обвинители е оценето како многу важно, за што се изјасниле 92% од двете групи испитаници.

Но, и граѓаните и адвокатите и обвинителите не се толку задоволни од тоа како судијата ги испитувал сведоците во судот. И како во сите други случаи, граѓаните се понезадоволни од адвокатите и обвинителите. Имено, половина од испитаните граѓани се задоволни од сослушувањето на сведоците од страна на судијата, а 72% од адвокатите и обвинителите се изјасниле дека се претежно задоволни.

ГРАФИКОН 31: СОСЛУШУВАЊЕ НА СВЕДОЦИ




Граѓаните искажале различно задоволство од сослушувањето на сведоците во судот за различни видови постапка, но во основата околу половина од нив се претежно задоволни. Граѓаните изразиле најниско задоволство од сослушувањето на сведоци во кривичната постапка и 44% од нив се изјасниле дека се претежно задоволни, додека претежно задоволни кај граѓанската постапка се 53% и 50% кај прекршочната постапка. Забележан е висок процент од испитаниците кои не знаат колку се задоволни од сослушувањето на сведоци, од кои најголем процент од 22% е кај прекршочната постапка.

ГРАФИКОН 32: СОСЛУШУВАЊЕ НА СВЕДОЦИ ПО ВИД НА ПОСТАПКА




## 7. УПАТЕНОСТ НА СУДИЈАТА ВО ПРЕДМЕТОТ

Упатеноста на судијата во предметот претставува основа за добро и правично судење. Ова прашање им беше поставено само на граѓаните кои беа замолени да ја искажат својата перцепција за упатеноста на судијата во предметот, од сопствено искуство.

Мнозинството испитани граѓани (58%) делумно или целосно се согласуваат дека судијата бил навлезен во деталите на конкретниот предмет, но висок е процентот на граѓани (37%) кои не согласуваат со ова.

ГРАФИКОН 33: УПАТЕНОСТ НА СУДИЈАТА ВО ПРЕДМЕТОТ




## 8. ЈАСНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ

Колку судската одлука е концизно и јасно напишана е еден од показателите за компетентноста, односно стручноста и елоквентноста на судијата. Судската одлука мора да ги задоволува основните стандарди за содржината, но треба да биде јасна и разбирлива како за стручните лица, така и за граѓаните во постапките.

За 85% од испитаните граѓани јасноста на судската одлука е многу важна, но само околу 37% од испитаниците се задоволни од јасноста на судската одлука, четвртина од испитаниците се незадоволни, а 17% од испитаниците не се ниту задоволни ниту незадоволни.

ГРАФИКОН 34: ЈАСНОСТ НА СУДСКАТА ОДЛУКА



Во поглед на видовите постапки, задоволството од јасноста на судските одлуки е најголемо кај прекршочните постапки, за што се изјасниле 61% од испитаните граѓани, додека значително понезадоволни од јасноста на судските одлуки се кај граѓанската постапка, каде што 36% се изјасниле дека се задоволни, а 38% се незадоволни. Најнезадоволни од јасноста на судските одлуки се граѓаните во кривичните постапки, каде што дури 62% од нив се изјасниле дека не се задоволни, а само 22% се задоволни од јасноста на судската одлука.

ГРАФИКОН 35: ЈАСНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ПО ВИДОВИ ПОСТАПКИ




## 9. СТАНДАРДИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Во врска со примената на стандардите за квалитет на судските одлуки и пресуди, најслаби резултати се забележуваат во однос на следењето на практиката на ЕСЧП, за која третина изразиле мислење дека не се следи, а 28% дека се следи само делумно. 21% од испитаниците не се запознаени со постоење на интерни механизми во судството за процена на општиот квалитет на пресудите, а 16% не се задоволни со обуката на судиите за структурата на одлуките и пишувањето пресуди.

ГРАФИКОН 36: СТАНДАРДИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ




Анкетираните судии (66%) одговориле дека судовите употребуваат јасен и едноставен јазик во судските одлуки. Мнозинството (78%) одговориле дека се почитуваат однапред утврдени елементи што треба да ги содржи образложението или структурата на одлуката. 55% одговориле дека одлуките се претежно концизни. 63% одговориле дека постои обука за судиите за структурата на одлуките, за стилот на образложението на одлуките и за пишувањето пресуди, додека 17% сметаат дека тоа не е така. Иако три четвртини сметаат дека постојат интерни механизми во судството за процена на општиот квалитет на пресудите, четвртина не сметаат дека тоа е така. Две третини сметаат дека се следи практиката на Европскиот суд за човекови права, додека 27% сметаат дека тоа не е така.

ГРАФИКОН 37: ПРИМЕНУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА СУДСКИ ОДЛУКИ




Мнозинството, односно 81% од испитаниците судии, сметаат дека стандардите за роковите за пишување пресуди се почитуваат, а 17% сметаат дека тоа не е така. Што се однесува до почитувањето на стандардите за роковите за објавување на пресудите, 59% сметаат дека тие се почитуваат, а 39% дека тоа не е така.

ГРАФИКОН 38: ПОЧИТУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА РОКОВИ




## 10. КВАЛИТЕТ НА ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според 94% од анкетираните судии квалитетот на образложението на пресудата на основните судови е многу важно, но високи 27% одбрале средна оценка за да го изразат задоволството од квалитетот на образложението на судските одлуки, а 5% од судиите не се задоволни од квалитетот на образложението.

ГРАФИКОН 39: КВАЛИТЕТ НА ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕСУДА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ



## ЗАКЛУЧОЦИ

Од одговорите може да се заклучи следното:

- Перцепцијата за квалитетот на судската практика во последните три години е дека состојбите се непроменети, а голем дел од граѓаните сметаат дека тие се влошени.
- Граѓаните, адвокатите и обвинителите сметаат дека судиите и обвинителите генерално ги почитуваат правата на обвинетите или оштетените во предметите.
- Сите испитаници во голема мера се согласуваат дека судовите и јавните обвинителства имаат доволно ресурси да ги почитуваат правилата и методите утврдени со процесните закони.
- Достапноста на информации за судската постапка е многу важна во секој судски процес. Граѓаните сметаат дека достапноста на информации е од исклучителна важност за нив, но не се многу задоволни од достапноста на информации за предметот.
- Во однос на можноста на презентирање докази во текот на судската постапка, го имаат истото мислење, дека тоа е од исклучителна важност за нив, но не се многу задоволни од можноста што ја имале во текот на судската постапка.
- Истата перцепција граѓаните ја имаат и за сослушувањето на сведоци во текот на судската постапка.
- Во однос на упатеноста на судијата во предметот, најголем дел од граѓаните се согласуваат со тоа, но висок е степенот на тие што го немаат тоа мислење и сметаат дека судијата не бил добро упатен во предметот.
- Најголем дел од граѓаните сметаат дека судските одлуки не се јасни за нив, а најнејасни ги сметаат судските одлуки во кривичната постапка.
- Стандардите и квалитетот на судските одлуки во голем дел се почитуваат, но голем дел од судиите не се задоволни како се следи практиката на ЕСЧП, интерните процедури на судството за процена на општиот квалитет на пресудите, како и од обуката за структура и пишување на пресудите.
- Квалитетот на образложението на пресудите не е на задоволително ниво.

# VI. СТРУЧНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

Стручноста и професионалноста на судиите, јавните обвинители и сите други лица вклучени во судските процеси ја опфаќа професионалната етика, моралните правила и норми за постапување и однесување. Судиите постапуваат според Кодексот за етика, кој се темели на Декларацијата на човекови права дека секој има потполно и еднакво право да биде јавно сослушан, сите лица се еднакви пред судовите и пред правдата и дека секој има право на правично, непосредно и јавно сослушување од страна на надлежен, независен и непристрасен суд, судиите треба да имаат статус што треба да им обезбеди непристрасност и независност и работење според стандардите за етичко однесување на судиите, како и етичките правила и принципи на судско однесување.

Стручноста и совесноста се основни предуслови за соодветното извршување на судиската функција, но судиите постојано треба да ја усовршуваат својата професионална компетентност, знаењето и вештините, преку постојана стручна обука и образование.

Поаѓајќи од ова, со анкетата беа опфатени прашања поврзани со стручноста, непристрасноста и етичкото работење на судиите, обвинителите, нивните служби, адвокатите и вештите лица, на кои одговори дадоа граѓаните и другите групи испитаници.

## 1. СТРУЧНОСТ И КОМПЕТЕНТНОСТ НА СУДИИТЕ

Стручноста и компетентноста на судиите беше предмет на оценување во спроведената анкета. Таа е оценета релативно добро од страна на адвокатите, обвинителите и судиите, што укажува на тоа дека сите групи испитаници се задоволни од стручноста и работењето на судиите.

Стручноста и компетентноста на судиите е различно оценета од страна на адвокатите и јавните обвинители и од страна на судиите. На скала од 1 до 5, каде што 1 е многу лоша стручност, а 5 е многу добра стручност, двете категории испитаници имаат слично мислење дека судиите се стручни (42% адвокатите и обвинителите и 48% судиите) и ги оцениле со оценка 4 (добро), додека во другите оценки нивните мислења се разликуваат. Судиите себеси се оцениле со повисоки оценки: 54% со оценка 5 (многу стручни) и само 5% со оценка 3 (добро). За разлика од нив, оценките за стручноста на судиите од страна на адвокатите и обвинителите се пониски: 18% со оценка 5 (многу добро), 25% со оценка 3 (добро), 6% со оценка 2 (лошо) и 3% со оценка 1 (многу лошо).

ГРАФИКОН 40: СТРУЧНОСТ И КОМПЕТЕНТНОСТ НА СУДИИТЕ



Иако двете групи испитаници имаат различно мислење за стручноста на судиите, висок процент од 66% (адвокати и обвинители) и 96% (судии) стручноста и компетентноста на судиите ја оценуваат како добра или многу добра, а само 9% од адвокатите и обвинителите сметаат дека судиите имаат лоша или многу лоша стручност.

Во поглед на тоа како работат судиите, адвокатите и обвинителите сметаат дека судиите добро и многу добро ја извршуваат работата во 78% од случаите, а само 5% лошо и многу лошо. За разлика од нив, судиите се самооцениле со помал процент, односно 51% од нив сметаат дека средно добро ги извршуваат задачите, 39% добро и 10% лошо. Очигледно, судиите самите сметаат дека можат многу да го подобрат своето работење.

Испитаниците најмногу се согласуваат дека судиите си ја вршат својата работа добро (90% би рекле дека тоа се случува често или многу често), дека обвинителите си ја вршат својата работа добро (73% би рекле дека тоа се случува често или многу често).

## ГРАФИКОН 41: КОЛКУ ДОБРО СУДИИТЕ ЈА ВРШАТ СВОЈАТА РАБОТА




Од одговорите се гледа дека судиите за себе мислат дека работат средно до добро, а адвокатите и обвинителите сметаат дека судиите работат добро и многу добро.

Компаративната анализа на стручноста и работењето на судиите покажува дека адвокатите и обвинителите се позадоволни од работењето на судиите, отколку од нивната стручност. 80% од нив сметаат дека судиите работат добро и многу добро, 66% дека се стручни, а 5% сметаат дека судиите работат лошо, наспроти 9%, кои сметаат дека судиите не се стручни.

## ГРАФИКОН 42: СТРУЧНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА СУДИИТЕ



## 2. СТРУЧНОСТ НА СУДСКИТЕ СОРАБОТНИЦИ

Стручноста на стручните соработници во судовите е оценета од страна на судиите, адвокатите и обвинителите: 63% од судиите сметаат дека стручните соработници добро и многу добро ја вршат својата работа, 24% добро, а само мал дел од нив (12%) сметаат дека стручните соработници работат лошо.

ГРАФИКОН 43: ОЦЕНЕТЕ ЈА СТРУЧНОСТА И КОМПЕТЕНТНОСТА НА СТРУЧНИТЕ СУДСКИ СОРАБОТНИЦИ




За разлика од нив, адвокатите и јавните обвинители работата на стручните соработници во судовите ја оцениле полошо, односно 55% од нив сметаат дека стручните соработници работат добро и многу добро, 34% сметаат дека тие работат добро, а 11% нивната работа ја оцениле како лоша.

## 3. СТРУЧНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА АДВОКАТИТЕ

Стручноста на адвокатите, гледана од страна на судиите, адвокатите и обвинителите, е следна: судиите ја оцениле стручноста на адвокатите со пониски оценки од адвокатите и обвинителите, односно 54% од судиите сметаат дека адвокатите се стручни и многу стручни, 29% сметаат дека тие се средно стручни, а 17% од судиите оцениле дека адвокатите не се стручни.

Оценката на адвокатите и обвинителите за стручноста на адвокатите е поповолна од таа на судиите, што секако се должи и на нивното самооценување. Имено, 73% од нив сметаат дека адвокатите се стручни и многу стручни, 23% дека се средно стручни, а само 4% стручноста на адвокатите ја оцениле како лоша.

ГРАФИКОН 44: СТРУЧНОСТ И КОМПЕТЕНТНОСТ НА АДВОКАТИТЕ



Слични се оценките и за работењето на адвокатите. Судиите сметаат дека адвокатите работат добро и многу добро, за што се изјасниле 53% од судиите, 24% сметаат дека адвокатите работат средно добро, а дури 19% судии сметаат дека адвокатите работат лошо.

За разлика од нив, адвокатите и обвинителите работењето на адвокатите го оцениле поповолно и 74% од нив сметаат дека адвокатите работат добро и многу добро, 24% средно и само 5% ја оцениле работата на адвокатите лошо.

ГРАФИКОН 45: КОЛКУ ДОБРО АДВОКАТИТЕ ЈА ВРШАТ СВОЈАТА РАБОТА




Граѓаните исто така имаа можност да го оценат работењето на адвокатите и 74% од испитаните граѓани целосно или делумно се согласуваат дека нивниот адвокат добро ја вршел својата работа, а 20% целосно или делумно не се согласуваат со ова.

Споредбата на резултатите од оценките за работењето на адвокатите покажува дека 74% од нивните клиенти, граѓаните, и од адвокатите заедно со обвинителите сметаат дека адвокатите својата работа ја извршуваат добро и многу добро, додека 53% од судиите нивната работа ја оцениле како добра и многу добра. Ваквите оценки укажуваат дека судиите се помалку задоволни од работата на адвокатите, за разлика од нив самите и од нивните клиенти.

Компаративната анализа на стручноста и работењето на адвокатите покажува дека адвокатите и обвинителите, како и судиите се еднакво задоволни од стручноста и од работењето на адвокатите. Околу 5% од адвокатите и обвинителите ги оцениле стручноста и работењето на адвокатите негативно. За разлика од нив, поголем дел од судиите (22%) ја оцениле стручноста на адвокатите како лоша, а 19% од нив како лошо го оцениле и нивното работење.

ГРАФИКОН 46: СТРУЧНОСТ, КОМПЕТЕНТНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА АДВОКАТИТЕСТРУЧНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ



# 4. СТРУЧНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Стручноста на обвинителите е оценувана од страна на судиите, адвокатите и обвинителите и слично како и кај судиите, обвинителите себеси си се оцениле со пониски оценки, за разлика од судиите, кои подобро ја оцениле нивната стручност и компетентност.

Високи 96% од судиите сметаат дека обвинителите се многу стручни и стручни, а другите 6% сметаат дека се средно стручни. За разлика од нив, 77% од адвокатите и обвинителите ја оцениле стручноста на обвинителите како многу добра и добра, 24% сметаат дека обвинителите се средно стручни, а дури 9% сметаат дека тие не се стручни.

ГРАФИКОН 47: СТРУЧНОСТ И КОМПЕТЕНТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ




Оценките на обвинителите од страна на судиите, адвокатите и обвинителите за нивното работење е малку поразлично од оценките за нивната стручност. Судиите ја оцениле работата на обвинителите со 73% како добра и многу добра, а 21% од судиите сметаат дека обвинителите лошо ја извршуваат работата.

ГРАФИКОН 48: КОЛКУ ДОБРО ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ЈА ВРШАТ СВОЈАТА РАБОТА




Малку од анкетираните граѓани го оценуваат работењето на обвинителите како добро. Повеќе од третина (35%) од испитаниците граѓани сметаат обвинителот во нивниот случај си ја вршел работата добро, а повеќе од половина (53%) не се согласуваат со ова.

Компаративната анализа на стручноста и работењето на обвинителите, за разлика од онаа направена за судиите, покажува дека адвокатите и обвинителите се позадоволни од стручноста на обвинителите, отколку од нивното работење. 67% од испитаните адвокати и обвинители и 94% од судиите сметаат дека обвинителите се стручни и многу стручни, додека 47% од адвокатите и обвинителите и 73% од судиите се изјасниле дека тие добро и многу добро ја извршуваат својата работа.

ГРАФИКОН 49: СТРУЧНОСТ, КОМПЕТЕНТНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ




## 5. СТРУЧНОСТ НА ОБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Службениците во обвинителствата се оценети од страна на адвокатите и обвинителите и од страна на судиите. Притоа, 67% од судиите и 59% од адвокатите и обвинителите сметаат дека службениците во јавните обвинителства се стручни и компетентни, 24% од судиите и 29% од адвокатите и обвинителите сметаат дека тие се средно стручни, а само 9% од судиите и 11% од адвокатите и обвинителите сметаат дека тие не се стручни.

ГРАФИКОН 50: СТРУЧНОСТ И КОМПЕТЕНТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСКИ СЛУЖБЕНИЦИ




## 6. СТРУЧНОСТ И РАБОТЕЊЕ НА ВЕШТИТЕ ЛИЦА

За стручноста и работењето на вештите лица мислењето на адвокатите и обвинителите е различно од мислењето на судиите. 77% од адвокатите и обвинителите сметаат дека вештаците се многу стручни и стручни, 21% дека се средно стручни и 4% не се задоволни од нивната стручност. За разлика од нив, 27% од судиите сметаат дека вештите лица се многу стручни и стручни, 46% дека се средно стручни и дури 27% сметаат дека стручните лица не се стручни.

## ГРАФИКОН 51: СТРУЧНОСТ И КОМПЕТЕНТНОСТ НА ВЕШТИТЕ ЛИЦА




Мислењето на адвокатите, обвинителите и судиите за работењето на стручните лица е слично оценето од нивна страна. Така, 80% од адвокатите и обвинителите сметаат дека стручните лица добро и многу добро ја извршуваат својата работа, а 9% дека тие работат лошо. За разлика од нив, 34% од судиите работењето на стручните лица го оцениле со добро и многу добро, 39% како добро и дури 27% се изјасниле дека стручните лица работат лошо.

## ГРАФИКОН 52: КОЛКУ ДОБРО ВЕШТИТЕ ЛИЦА ЈА ВРШАТ СВОЈАТА РАБОТА




Испитаните граѓани со 45% го оцениле работењето на стручните лица како добро и многу добро, 27% од нив како средно добро, а 28% од испитаниците сметаат дека вештите лица лошо ја извршуваат својата работа.

Компаративната анализа на стручноста и работењето на вештите лица покажува дека адвокатите и обвинителите подобро го оцениле работењето од стручноста на вештите лица. Од нив, 80% го оцениле работењето со многу добро и 76% од нив стручноста на вештите лица. Како добро 21% од нив го оцениле работењето, а 12% стручноста на стручните лица.

Судиите исто така сметаат дека вештите лица многу подобро работат отколку што се стручни, па 34% од нив оцениле дека вештите лица добро и многу добро работат, а 27% дека нивната стручност е добра и многу добра. Најголем дел од судиите (46%) сметаат дека вештите лица се стручни и компетентни и 39% дека работат добро, но 27% од нив се изјасниле дека не се задоволни од стручноста и од работењето на вештите лица.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Од добиените одговори од анкетата за стручноста и професионалноста на судиите, обвинителите и другите лица вклучени во судските постапки, може да се заклучи следното:

- Стручноста и компетентноста, како и работењето на судиите, стручните соработници во судовите, јавните обвинители и стручните службеници во јавните обвинителства се оценети како добри, но постои потреба од понатамошно унапредување и подобрување на нивната стручност и нивното работење.
- Стручноста и работењето на адвокатите исто така се добро оценети, особено од страна на граѓаните, додека најслабо се оценети од страна на судиите.
- Стручноста и работењето на вештите лица исто така се добро оценети, но постои и незадоволство искажано од сите испитаници.

ЕПИ

АСОЦИЈАЦИЈА ЗЕНИТ